УДК. 374. 7.

Зоран ВЕЛКОВСКИ

# ВОЗРАСНИТЕ И ОБРАЗОВНАТА МОБИЛНОСТ

Денешниот свет го карактеризираат бројни противречности и разлики кои претставуваат рефлексија на одредени историски и класни околности. Покрај присутноста на разликите постојат и голем број заеднички именители, иманентни на сите земји во светот, без оглед на степенот на нивниот историски, економски и културен развој. Еден од нив, во кој се допираат и меѓусобно условуваат заедничките интереси претставува образованието на возрасните. Ескалацијата на науката и научните знаења, како и динамичните промени кои ги зафаќаат сите земји во светот, претставуваат основни детерминанти на развојот на андрагошката теорија и практика. Во согласност со стратегиите на општествено-економскиот и културниот напредок и севкупноста на промените, интересот на земјите (особено развиените) е насочен кон проучување и развој на образованието на возрасните. Ваквите обиди за основа ги земаат испитувањата на местото и улогата на образованието на возрасните во општествено-економскиот развој, т.е. неговото истакнување на приоритетната листа на основните и најзначајни услови (покрај суровините, енергијата и природните богатства) за успешен напредок.

Усовршувањето на техничко-технолошките процеси сѐ повеќе подразбира работна сила со зголемено ниво на образование и квалификации. Знаењата сѐ повеќе се јавуваат како одлучувачки фактор во работата и животот на луѓето, а со тоа во развојот на светот. Во таа смисла, инвестицијата во човечкиот ресурс претставува еден од основните фактори на развојот, детерминирани со влијанието на образованието, зголемувањето на знаењата и усовршувањето на технологијата, а ефектуирани во порастот на продуктивноста и создавањето можности за следење на светските стандарди и достигнувања. Подигнувањето на образовното ниво на луѓето, развивањето на нивните работни и духовни квалитети и нивното правовремено оспособување да одговорат на секојдневните промени, претставува иманентност на успешноста. На тој начин, вложувањето во човечкиот ресурс денес претставува инвестиција од стратегиско значење.

Благодарејќи на UNESKO, значењето на образованието на возрасните е пораснато а неговата интернационализација е уште повеќе нагласена. Поаѓајќи од декларираното начело "***право на образование***" или "***образование за сите***" - без оглед на раса, вероисповед и материјална состојба, UNESKO својата активност ја поставува како одговор на прашањата: "**зошто**"? - или, зошто е потребно поголемо и помасовно опфаќање на возрасните со образовна активност во современи услови на живеење, инаку активност присутна во неразвиените земји каде сеуште не постои доволно разбирање од страна на населението и нивните влади за значењето на образованието на возрасните; "**како**"? - или, на кој начин да се спроведат акциите за образовна мобилност на возрасните и да се помогне развојот на андрагошките системи, ставајќи го акцентот врз решавањето на дидактичко-методските, системските и организационо-институци- оналните прашања и проблеми; "**кој**"? - или, настојувања да се определат приоритетните групи во образованието на возрасните и "**што**"? - или, понатамошно теориско и практично проучување на образованието на возрасните во согласност со генералните и партикуларните карактеристики.

Особено се импресивни напорите кои се вложуваат во образовното мобилизирање на неписменото возрасно население, пред сé, во недоволно развиените региони во светот кои се одликуваат со најбројно образовно хендикепирано население. Моментно во светот има близу една милијарда алфабетски неписмено возрасно население, кое е претежно сместено во неразвиените и делумно развиените региони во светот. Како резултат на ваквите напори 1991 година беше прогласена за интернационална година во елиминирањето на неписменоста во земјите во светот. Ваквата политика во голема мерка влијае врз поставувањето на глобалната стратегија за сеопфатен образовен ангажман на возрасните и повисок организациски пристап во подигнувањето на образовното ниво.

Потребата од образование т.е. потребата од образовна мобилност на луѓето ја истакнала и потребата од проучување на сите релевантни чинители кои ја детерминираат оваа појава. Едно од клучните прашања во тие обиди претставува проучувањето на мотивацијата за учење кај возрасните т.е. проучувањето на мотивите и факторите кои најсилно влијаат врз образовната партиципација на возрасните.[1] Како резултат на таквите ангажирања, во светот се јавиле најразлични толкувања за видот и карактерот на мотивите за учење. Основна цел во таквите ис-

---

[1] Види: Андриловиħ, В. (1976); Bindra, D.-Steward, J. (1973); Bischof, L. (1969); Bonacina, F. (1970); Boshier, R. (1971) Dil, P. (1978); Estes. W.K. (1976); Evans, F. (1978); Harrington, F. (1977); Houle, C. (1976); Јашченко, Н. (1976); Kidd, R. (1973); Knowles, M. (1972); Knox, A.(1977); Krajnc, A. (1977), (1982); Logan, F. (1970); Löwe, H. (1969) Макарович, Ј. (1973); Маслов, А. (1970); Miler, X. (1970), (1971); Nuttin, R.J. (1971); Огризовиќ, М. (1966), Olds, J. (1955); Печјак, В. (1977); Pöggeler, F. (1975); Ракиħ, Б. (1970); Самоловчев, Б. (1970, 1972, 1981); Савичевиħ, Д. (1956, 1976); Звонаревиħ, М. (1980); Алабабиħ, Ш. (1983); Булатовиħ, Р. (1983); Цвиħ, З. (1979); Фром, Е. (1980); Олпорт, Г. (1969); Пастуовиħ, Н. (1983); Булајиħ, Н. (1984); ...

тражувања е желбата да се изврши идентификација и класификација на најрелевантните мотиви за образовна партципација на возрасните т.е. да се даде одговор на прашањето: ***Зошто возрасниот човек учи?*** Поголем дел од истражувањата се бават со откривање и проучување на мотивите за учење, додека само мал дел се обидуваат да дадат одговор на прашањето - ***зошто возрасниот човек не учи?***, т.е. се обидуваат да ги идентификуваат факторите кои влијаат врз образовната неангажираност на возрасните. Во основа на овие напори лежат обидите да се дадат одговори за низа прашања кои ги интригираат поголемиот дел од андрагошките теоретичари и истражувачи, како што се: ***"Зошто само мал дел од одредена популација возрасни партиципира во организираното образование за возрасни?"; "Кои се тие возрасни што образовно партиципираат?"; "Кои фактори влијаат врз нивната партиципација?"; "Колкава е силата на нивното влијание?"; "Дали се јавуваат кај сите возрасни подеднакво?"; "Дали може да се изработи типологизација на образовните партиципиенти?"; и "Поради кои причини возрасните образовно не се ангажираат?".***

Со оглед на динамичниот карактер на проблемот на образовната мобилност на возрасните, т.е. образовната партиципација и образовната неангажираност, сознанијата до кои се дошло не може ниту смее да се генерализираат, туку мора да се набљудуваат само на ниво на релевантност на досегашните истражувања. Очигледно е дека механизмите кои ги продуцираат чинителите на образовната мобилност не се еднаш за секогаш дадени и поставени со прецизна структура и повторливост на делување. Напротив, образовната мобилност на возрасните претставува рефлексија на сплет од динамични сили и односи и го сублимира делувањето на низа компатибилни агенси, во голема мерка подложни на влијанието на временскиот и просторниот реалитет. Во таа смисла, резултатите од досегашните истражувања и нивните заклучоци поседуваат сознајно ниво релевантно само во рамките на специфична временска и просторна ситуираност. Меѓутоа, тие истовремено претставуваат и валидни индикативни показатели за манифестацијата на проблемот на образовната мобилност на возрасните во рамките на современите општествени збиднувања. Исто така, тие претставуваат и незаменлив придонес во севкупните напори да се расветли и објасни проблемот на образовната мобилност, да се идентификуваат најрелевантните и најсилни чинители на образовната партиципација и причини за образовната неангажираност на возрасните, како и инспирација за понатамошно проучување и продлабочување на овој проблем.

Апсолвирањето на резултатите и сознанијата, како и теориските достигнувања во областа на образованието на возрасните, т.е. образовната мобилност на возрасните, овозможуваат да се идентификуваат и издвојат најзначајните, најрелевантните и најфрекфентните детерминанти на образовната партиципација и образовната неангажираност. Во таа смисла, нивната поединечна опсервација се јавува како нужност доколку се сака подлабоко анализирање и расветлување на секоја единечна манифестација, без притоа да се компромитира нивното взаемно делување и опстојување во рамките на еден ист динамичен процес.

## 1. Образовна партиципација

Во однос на факторите кои ја условуваат образовната партиципација на возрасните, а во согласност со досегашните истражувања, може да се каже дека постојат три основни групи детерминирачки фактори, и тоа: **социјално-економски, субјективно-психолошки и андрагошко-дидактички.** Оваа тријада претставува извор на јавување најразлични мотиви за образовна партиципација, со различен карактер, вид, интензитет и начин на делување кај возрасните. И покрај постоењето разлики во квалификацијата на мотивите за учење кај одделни истражувачи на оваа појава, денес главно се прифаќа сфаќањето за постоење на две основни групи мотиви:

Првата група ја сочинуваат ***интринсичните*** или ***внатрешните*** мотиви, кои се карактеризираат со тоа што наградата се стекнува во самата активност, како што е тоа пример со самопотврдувањето, доживувањето задоволство, интересот за некоја појава, сознајниот интерес и др. Овие мотиви по природата на своето јавување претставуваат изразито силни двигатели на човековата образовна активност, бидејќи нивниот извор лежи во самиот човек - што значи дека се примарни и надворешно независни. Секогаш се насочени кон задоволување на внатрешните потреби на човекот и ослободени од секундарна добит или награда. Самоактуелизацијата, желбата за докажување и самопотврдување и интелектуалниот хедонизам претставуваат најтипични и најсилни интринсични мотиви за учење.

Втората група ја сочинуваат ***екстринсичните*** или ***надворешните мотиви,*** кои се карактеризираат со тоа што поттикот за образовна активност, пред сѐ, се бара во секундарната добивка која резултира од таа активност или е условена со надворешно влијание. Наградите, барањата, очекувањата на средината, општествените признанија, принудата како мотив, претставуваат типични примери на екстринсични мотиви. Ваквите мотиви по природата на нивниот карактер и нивната метизација го сфаќаат образованието пред сѐ во неговата утилитаристичка и инструменталистичка смисла. За разлика од интринсичните мотиви, екстринсичните често имаат амбигвитентно

јавување во процесот на образованието, т.е. еден ист мотив во некои случаи може да делува многу позитивно врз образовната партиципација, додека во друг случај може да има крајно негативно делување.

Идентификацијата на мотивите за учење и утврдувањето на нивниот интензитет и карактер овозможува нивно негување - доколку се работи за позитивни т.е. образовно благодарни мотиви и нивна трансформација или моделирање - доколку се работи за негативни т.е. образовно неблагодарни мотиви за учење, а се во функција на зголемување на образовната мобилност на возрасните и подигнување на нејзиниот квалитет.

Сознанијата до кои се дошло во досегашните истражувања будат и одредени согледувања врзани за овој проблем, кои може двојно да се изразат. Имено, резултатите од истражувањата на проблемот на образовната партиципација од аспект на субјектите на учењето овозможуваат изведување нивна типологизација т.е. можност возрасните да се класифицираат во две групи или два типа образовни партиципиенти:

**Првиот тип** партиципиенти го сочинуваат возрасните кај кои постои позитивен став кон образованието на возрасните и кај кои двигателите за образовната акција се наоѓаат во нивната интринсична сфера. За овој тип возрасни може да се каже дека поседуваат висока свесност во однс на потребата од образование и амбиција во однос на индивидуалниот развој. Ваквите субјекти на учење се благодарни од аспект на образовната работа и задачата на општествените и пред сé андрагошките работници е дотолку поодговорна и позначајна во понатамошното негување на мотивите присутни кај овие испитаници. Не смее со ништо да се предизвика слабеењето на вербата во силата и корисноста на образованието кај овие субјекти во воспитно образовниот процес.

**Вториот тип** образовни партиципиенти го карактеризираат двигатели кои произлегуваат од екстринсичната сфера на возрасните, надворешно условени и со изразена прагматичка природа. Важноста и атрактивноста на потребата која се задоволува во најголема мерка го условува и квалитетот на образовниот ангажман кај овој тип возрасни. Во таа смисла, задачата на андрагошките работници како и на установите за образование мора да биде насочена кон осмислување на воспитно образовната работа и збогатување на образовната понуда, водејќи сметка за природата на потребите кои се задоволуваат и мотивите кои ги подвижуваат возрасните, нивниот карактер и интензитет на делување.

Резултатите од истражувањето на образовната мобилност на возрасните спроведено во Скопје во 1991 година[2] покажуваат дека во нашата средина доминираат образовани партиципиенти од вториот тип.

[2] Истражувањето е спроведено на група од 569 образовно ангажирани возрасни во рамките на установите за образование за возрасни на територијата на град Скопје и 569 образовно неангажирани возрасни. Групите се изедначени по однос на полот, возраста, квалификацијата и нивото на образование.

Имено, ***"желбата за поголема стручна квалификација", "зголемувањето на личниот доход"; "желбата за дружење", "промената на работното место", "задоволувањето на семејните барања"*** се јавуваат како најфрекфентни причини за образовна мобилност на возрасните. И покрај присутноста и силното влијание на мотивот ***"желбата за зголемување на општата култура"*** во детерминација на појавата, сепак може да се заклучи дека образовната мобилност на возрасните во нашата средина е силно прагматички обоена и претставува вистински одраз на севкупните општествени, економски и културни состојби. Имено, демаскираниот недостаток на соодветната квалификација а со тоа и несигурното работно место, изразените кадровски и организациски трансформации во рамките на општествените дејности, големата невработеност, нискиот стандард и сѐ поприсутниот нарцизам во односите помеѓу луѓето создаваат плодно тло за манифестација на наведените мотиви за учење и нивна доминација кај најголемиот дел од образовните партиципиенти.

### 2. Образовна неангажираност

Од аспект на образовната мобилност на возрасните од голема важност е и утврдувањето на факторите кои ја предизвикуваат **образовната неангажираност**. Нивното идентификување и ситуирање во рамките на одредени подрачја овозможува правовремено елиминирање, корекција и трансформација на поставеноста и организацијата на образованието на возрасните, во услови и начини, во кои таквите причини не би претставувале пречка за понатамошен или нов образовен ангажман.

Проучувањето на причините кои ја попречуваат образовната партиципација на возрасните е во непосредна врска со претходната точка. Може да се каже дека опстојувањето на интензитетот на делување на мотивите за образовна партиципација кај возрасните во најголема мерка зависи од силата на влијанието на најразлични причини кои ја попречуваат таа образовна партиципација. Според досегашните сознанија како основни и највлијателни причини се *јавуваат* ***социјално-економските и делумно андрагошко-дидактичките.*** Со оглед на малиот интензитет кој ги краси испитуваните причини во нивното попречување на образовната партиципација кај возрасните кои се опфатени со образовен процес, може да се каже дека кај возрасните кои образовно партиципираат постои премногу атрактивна и значајна потреба која го неутрализира делувањето на наведените причини. Меѓутоа, тоа не значи дека треба да изостанат напорите во елиминирањето на сите можни негативни чинители кои деструктивно делуваат врз возрасните вклучени во образовниот процес. Ваквите напори мора да ги сублимираат општествените и андрагошките анга-

жмани на овој план. Особена значајно треба да биде настојувањето на андрагошките работници и установите за образование на возрасните во отстранувањето на сите причини кои негативно влијаат врз образовната партиципација на возрасните, како и настојувањето да се подобри состојбата на андрагошко дидактички план.

Образовната неангажираност на возрасните подразбира отсуство на образовен ангажман или апстиненција на возрасниот од вклучување во образовниот процес. Образовната апстиненција се манифестира како ***потполна и делумна***. Потполна апстиненција, како што кажува самиот збор, претставува целосно исклучување на возрасниот човек од институционална и вонинституционална образовна партиципација, т.е. претставува отсуство на било каква интенционална образовна активност. Ваквата образовна апстиненција се јавува многу ретко и под одредени околности. Делумната апстиненција подразбира отстуство на образовен ангажман само во рамките на институционализираната образовна работа. Овој тип образовна неангажираност се јавува многу често и по својата природа секогаш претставува крајно негативна појава во рамките на општествениот и индивидуалниот развој и својата објективизација ја остварува како рефлексија на одредени меѓузависни процеси во рамките на субјективната и објективната сфера на човековата манифестација. Имено, образовната неангажираност на возрасните може да се јави во случаите кога: а) постои субјективно уверување кај возрасниот дека не му е потребно понатамошно образование, т.е. е задоволен со квантумот на знаењата кои ги поседува; б) постојат инхибирачки фактори чие дејство е поголемо од желбата за понатамошно образование; и, в) постојат објективни причини поради кои возрасниот и покрај желбата за образование не се вклучува во образовниот процес.

Причината за влијанието на овие негативни чинители, во сите три случаи, не може да се бара само во рамките на субјективно-психолошката или социјално-економската сфера. Ако знаеме дека општествената и индивидуалната свест меѓусебно се условуваат, тогаш манифестацијата на субјективно-психолошките причини мора да се набљудува и како рефлексија на одредени општествени, економски и културни констелации и процеси во кои возрасниот човек егзистира. Во рамките на оваа тријада треба да се бараат и изворите за јавување на останатите причини за образовната неангажираност.

Кои се причините за образовната неангажираност на возрасните во нашата средина? Според резултатите од споменатото истражување како најфреквентни се јавуваат четири подеднакво силни причини. Тоа се: ***"самозадоволството од знаењата кои се поседуваат"; "возраста како пречка"; "недостатокот на слободно време" и "недостатокот на материјални средства"***. На прв поглед изненадува присуството на образовното самозадоволство како една од доминантните причини за образовна неангажираност. Ако за субјектите со високо образование е донекаде и разбирлив ваквиот став, тогаш присуството на оваа при-

чина кај оние кои поседуваат основно и средно образование е повеќе од зачудувачко. Меѓутоа, ако се земе предвид девалвираната цена на образованието утврдена на пазарот, во времето кое го живееме и нарушените системи на општествени и лични вредности, тогаш присуството на оваа причина кај популацијата со пониска образовна подготовка е донекаде разбирливо. Сѐ додека образованоста не го добие своето право место на скалата на приоритетните човекови квалитети и ги напушти маргините на општествениот интерес ваквата појава ќе претставува наше секојдневие. Останатите причини се исто така рефлексија на моментната состојба во која се наоѓа нашиот човек објективизирана во неговата преокупираност (пред сѐ егзистенцијалната), нискиот стандард и традиционалното верување за негово "предвремено стареење", особено на образовен план. Додека во поразвиените земји во светот се отвораат универзитети за стари лица, пред сѐ пензионери, во нашата средина зборот пензионер често претставува лице кое го отслужило своето и кое треба да се подготви за својот физички крај.

Застрашувачки делуваат и одговорите на голем број возрасни на возраст од 25 - 45 години кои себе си се сметаат престари за повторно да се вклучат во образовниот процес. Подобрувањето на материјалната состојба на возрасните, како еден од основните услови за поголема образовна мобилност, подразбира посложена методологија и пред сѐ зависи од поголем број надворешни чинители. Можеби една од мерките која може благотворно да делува на овој план е намалувањето на цената на образовната услуга и издатоците за образование на возрасните. Меѓутоа, за реализација на овој процес е потребен поголем општествен ангажман и разбирање кај органите кои ја изготвуваат образовната политика на земјата. Истовремено, мора да се напомене, дека сеуште не сме доволно богати и доволно развиени да си дозволиме да заработуваме на образованието, сеуште имама потреба од подигнување на образовното ниво на населението во нашата земја. Во таа смисла, манифестацијата на причините кои ја спречуваат образовната мобилност на возрасните, покрај индивидуалната заснованост, во најголема мерка е условена и со општествената негрижа за образованието на возрасните и неговиот маргинален третман. Исто така, таа претставува и одраз на грижата на пошироката општествена средина кон образованието на возрасните, неговата девалвација за сметка на одредени заблуди дека образованието е чин на индивидуална акција или авантура. Во тој контекст, може да се каже дека покрај подигнувањето на животниот стандард на населението, како обврска од општествен карактер, мора поголемо внимание да се посвети на: а) изготвувањето посеопфатна и научно заснована (не импровизирана) образовна и кадровска политика; б) декларативно и оперативно регулирање и афирмирање на образованието на возрасните; в) унапредување на општествените услови за образование; г) институциско, организациско и кадровско усовршување и прилагодување на сите сте-

пени на образование за образование и на возрасните; д) поголемо финансиско издвојување за образованието на возрасните т.е. намалување на цената на образовните услуги; ѓ) збогатување и осовременување на институционалната основа на образованието на возрасните; е) преземање пошироки општествени акции во функција на подлабоко рабирање и прифаќање на понатамошното образование од страна на најшироката јавност; и ж) афирмирање на знаењата и образованието на ниво на значајна општествена вредност и нивно поставување на приоритетната скала на поважни човекови квалитети.

Во борбата за подобрување на образовната мобилност на возрасните, свој удел мора да дадат и установите за образование на возрасни и самите андрагошки работници. Нивниот ангажман во елиминирањето на причините кои ја попречуваат образовната аспирација на возрасните и влијаат врз нивната образовна неангажираност мора да се огледа во: а) подобрување на организацијата на образовната работа; б) осовременување на условите за учење; в) научно осмислување и практично засновување на методичката и дидактичката компонената на образовната работа, втемелени на интересите и желбите на возрасните; г) организација и иновирање на кадровската политика; д) збогатување на образовните услуги; ѓ) функционално поврзување и интензивирање на соработката со другите установи за образование на возрасни (пред сè факултетите); е) формирање оддели за андрагошки маркетинг и интензивирање на информатичката активност; ж) интензивирање на научно-истражувачката дејност, со посебен осврт врз истражувањето на образовните потреби на возрасните; з) перманентна валоризација на образовната работа.

Ваквите предлози и задачи во голема мерка го земаат предвид третманот што го има образованието на возрасните, нивната активност (со сè понагласен комерцијален карактер) во образовната и истражувачката работа, која скоро и не постои, како и третманот на овие установи во рамките на глобалната образовна политика и политиката на финансирање.

Проширувањето на образовната мобилност на возрасните т.е. зголемувањето на бројот на возрасни опфатени со образовниот процес, мора да претставува процес во кој подеднакво ќе бидат застапени индивидуални и општествени напори. Само со подлабоко и порационално прмислување на образовната политика е можно да се надминат сите проблеми кои се јавуваат во рамките на образовната партиципација и образовната неангажираност на возрасните.

Zoran VELKOVSKI

## THE EDUCATIONAL MOBILITY OF THE ADULTS

(Summary)

The necessity of education, namely the necessity of educational mobility of the adults has pointed out the necessity of investigation of all the relevant factors that determine this phenomenon.

In the relation to the factors that condition the educational participation of the adults, in accordance to the up to now examinations of the problem, it can be stressed that there are three elementary groups of determinative factors: social - economic, subjective- psychological and didactic. These groups of factore represent a source of appearance of different motives for educational participation, which have different nature, type, intensity and mode of function among the adults.

The substitence of the intensity of the motives for educational participation among the adults depends mostly of the power of influence of many different reasons that obstruct this educational participation. According to the up to now knowledge, as primary and most influential reasons appear: the social-economic and partially didactic.